## АКТИВНОСТИ ЗА ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА И ФИНАНСИСКА ИНКЛУЗИЈА ОСТВАРЕНИ ВО 2023 ГОДИНА

| **Вид на активност** | **Период** | **Институција** | **Поврзаност со Стратегијата[1]** | **Целна група** | **Спровед ување** | **Опфат** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **ЗАЕДНИЧКИ АКТИВНОСТИ НА КООРДИНАЦИСКОТО ТЕЛО (КТ)** | | | | | | |
| „Глобална недела на парите" | март | КТ | А. бр. 4.1.1. | ученици, студенти, возрасно население | виртуелно, социјални мрежи | |
| „Денови на финансиската писменост"<br>− јавен повик<br>− е-презентации<br>− посети на ученици | ноември | КТ | А. бр. 4.1.8. | возрасно население и ученици од ОУ и средното образование | виртуелно, веб-страница, посети, социјални мрежи | |
| Работна група за спроведување на Стратегијата<br>− четврт состанок<br>− петти состанок | <br>мај<br>декември | КТ/ приватен и граѓански сектор | Следење на спроведувањето на Стратегијата | приватен и граѓански сектор, широката јавност | виртуелно, веб-страница, социјални мрежи | <br>37 учесници<br>43 учесници |
| − Листа на субјекти − објавена на веб-страницата<br>− Ажурирање на веб-страницата | <br>кв. 1<br>кв. 2<br>кв. 3 | КТ | А. бр. 4.1.1. | сите даватели на финансиски услуги | дигитално /веб-страница | |
| Втората фаза на Проектот за финансиската писменост на ИНФЕ-ОЕЦД | јуни | КТ | А. бр. 4.1.1. | приватен и граѓански сектор, широката јавност | дигитално/ веб-страница, социјални мрежи | |
| Соработка со Бирото за развој на образованието околу финансиската едукација во образовниот систем | кв. 3 | КТ | А. бр. 4.1.5 | ученици | | |
| | | | | | | |

[1] Наведен е редниот број на активноста предвидена во Стратегијата за финансиска едукација и финансиска инклузија.

**ИНДИВИДУАЛНИ АКТИВНОСТИ НА НАРОДНАТА БАНКА (НБ)**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| „Европски квиз на парите“:<br>Подготвителен настан<br>Национален натпревар<br>Европско финале | <br>февруари<br>март<br>мај | МБА/НБ/КХВ<br><br>НБ: учество на подготвителниот настан;<br>учество во жири-комисија | А. бр. 4.1.1. | младо население (13-15 години) | физичко присуство, виртуелно, веб-страница и социјални мрежи | Директно<br>– 1006 ученици<br>– 101 наставници/професори<br>Од нив, жени: 82 професорки и 584 ученички<br>Индиректно<br>– 5000 |
| „Глобална недела на парите“<br>– 9 предавања<br>– Едукативен квиз<br>– 1 виртуелно предавање за факултет | март | НБ | А. бр. 4.1.1. | ученици од ОУ и средното образование и студенти | виртуелно | 142 учесници<br>9 наставници<br>24 квиз<br>32 студенти<br>2 професори (НБ) |
| Светски ден на штедењето – 31 октомври<br>Конкурс на теми:<br>„Штедам паметно – живеам подобро: Инвестирам во својата иднина“ – основно образование<br>„Штедењето – чекор кон финансиска независност“ – Средно образование | октомври | НБ/МФ | А. бр. 4.1.1. | ученици од ОУ и средното образование | дигитално, веб-страница, социјални мрежи | 325 ученички трудови, од кои 54 песни, 50 раскази и 221 – цртежи и 50 есеи |
| „Денови на финансиската писменост“<br>– Презентации на теми:<br>1. „Финансиска едукација за средношколци“;<br>2. „Монетарната политика на Народната банка“;<br>3. „Информации потребни при избор на кредит“,<br>4. „Осврт кон Законот за платежни услуги и платни системи“, и<br>5. „Структура на финансискиот систем и осврт кон движењата во банкарскиот систем“.<br>– 2 предавања за ОУ<br>– учество на настан организиран од страна на „Клуб Алпбах Македонија“ на тема: „Како до финансиска независност кај младите?“<br>– учество во програмата на Македонското радио. | ноември | НБ | А. бр. 4.1.8. | возрасно население и ученици од ОУ и средното образование | физичко присуство, виртуелно, веб-страница, социјални мрежи<br><br>со посета во НБ | <br>106 учесници<br>9 наставници |
| Едукативни предавања<br>56 презентации за основното и средното образование, градинки и факултети и пензионерски друштва | во текот на годината | НБ | А. бр. 4.1.4./4.1.1. | деца од предучилишна возраст, ученици, | виртуелно, посети во НБ, веб-страница, | 1.644 ученици, студенти, професори, пензионери и деца |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | студенти и пензионери | социјални мрежи | од предучилишна возраст |
| Социјални мрежи за ФЕ („Фејсбук“, „Инстаграм“ и „Икс“) | во текот на годината | НБ | А. бр. 4.1.4. | младо и возрасно население | дигитално, социјални мрежи | 48 објави |
| Објава на брошура: „Платежната сметка со основни функции“ | кв. 2 | НБ | А. бр. 4.1.4./4.1.8. | младо и возрасно население | дигитално/ веб-страница, социјални мрежи | 2300 посети на интернет-страницата на НБРСМ |
| Објава на брошура: „Безбедност при користењето дигитални финансиски производи и услуги“ | кв. 3 | НБ | А. бр. 4.1.4/4.1.8. | младо и возрасно население | веб-страница, социјални мрежи | 1410 посети на соопштението, а во категоријата Едукативни материјали 200 посети на интернет-страницата на НБРСМ |
| Објава на едукативен текст во рубриката „Економија за секого“ – Што се девизни резерви? | кв. 3 | НБ | А. бр. 4.1.4. | младо и возрасно население | веб-страница, социјални мрежи | 920 отворања на интернет-страницата на НБРСМ |
| Доделување награди на учениците од едно средно економско училиште за учество на Квизот организиран од страна на НБ и одржување едукативна презентација | април | НБ | А. бр. 4.1.1. | ученици од средното образование | физичко присуство, веб-страница | |
| Работна група за спроведување на Стратегијата<br>четврт состанок<br>петти состанок | <br>мај<br>декември | КТ/ приватен и граѓански сектор | Следење на спроведувањето на Стратегијата | приватен и граѓански сектор, широката јавност | виртуелно, веб-страница, социјални мрежи | <br>37 учесници<br>43 учесници |
| Втората фаза на Проектот за финансиската писменост на ИНФЕ-ОЕЦД | јуни | КТ | А. бр. 4.1.1. | сите даватели на финансиски услуги | дигитално/ веб-страница, социјални мрежи | |
| Одбележана 31 година од монетарното осамостојување преку едукативна кампања „Денарот го славиме“<br>– Годишната награда за млади истражувачи за најдобар труд од областа на макроекономијата и банките и банкарските системи; | кв. 2 | НБ | А. бр. 4.1.4./4.1.1. | младо и возрасно население | виртуелно, веб-страница, социјални мрежи | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| – Два едукативни видеозаписа изработени од вработени во Музејот на Народната банка;<br>– Видеоизјави на гувернерите и на експертите коишто учествувале директно во процесот на воспоставување и градењето на монетарната независност;<br>– Документи од Архивот на Народната банка, поврзани со монетарното осамостојување. | | | | | | |
| Поддршка на тимот средношколци за учество на Меѓународната економска олимпијада | кв. 2 | НБ/Сојуз на математичари | А. бр. 4.1.1. | ученици од средното образование | физичко присуство, веб-страница, социјални мрежи | |
| Соработка со Сојузот на средношколци | кв. 3 | НБ/Сојуз на средношколци | А. бр. 4.1.5. | ученици од средното образование | физичко присуство веб-страница, социјални мрежи | |
| Едукативна активност „Имам став!" на Парламентарниот институт | кв. 3 | НБ | А. бр. 4.1.1. | ученици од средното образование | физичко присуство веб-страница, социјални мрежи | |
| Прибирање податоци од приватниот и граѓанскиот сектор за спроведени активности за финансиска едукација | кв. 1 | НБ/приватен сектор | Следење на спроведувањето на Стратегијата | приватен и граѓански сектор, широката јавност | е-комуникација | |
| Започната соработка со ЕБРД за родова финансиска инклузија – пилот-проект за поддршка на родовата финансиска инклузија и на жените претприемачи | Во тек на годината | НБ/ЕБРД | А. бр. 4.1.6 | приватен сектор, широката јавност | | |
| Нова алатка за споредба на надоместоците помеѓу давателите на платежни услуги на интернет-страницата на Народната банка | кв. 4 | НБ | А. бр. 4.2.2. | широката јавност | веб-страница | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активности за изработка на Нацрт-закон за финансиски омбудсман/арбитер | Во текот на годината | НБ/фин. регулатори | А. бр. 4.2.6. | | | / |
| Евиденција и одговарање на примени поплаки од физички лица кон банкарскиот сектор, доставени до Народната банка | Во текот на годината | НБ | А. 4.2.7. | банкарски сектор | | |
| Финтек-стратегија за финансиските регулатори | кв. 2 | НБ | А. бр. 4.2.10 | | | / |
| **ОСТВАРЕНИ АКТИВНОСТИ ЗА ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА И ФИНАНСИСКА ИНКЛУЗИЈА ОД ПРИВАТНИОТ И ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО 2023 ГОДИНА** | | | | | | |
| **Вид на активност** | **Период** | **Институција** | **Поврзаност со Стратегијата** | **Целна група** | **Спроведување** | **Опфат** |
| **Македонска банкарска асоцијација**<br>– Европски квиз на парите:<br>*Подготвителен настан*<br>*Национален натпревар*<br>*Европско финале* | <br><br>февруари<br>март<br>мај | МБА/НБ/КХВ | А. бр. 4.1.1. | младо население (13 – 15 години) | физичко присуство виртуелно, веб-страница | Директно<br>– 1006 ученици<br>– 101 наставници/професори<br>Број на жени: 82 професорки и 584 ученички<br>Индиректно<br>– 5000 |
| **БАНКИ И ШТЕДИЛНИЦИ** | | | | | | |
| **„НЛБ банка“ АД Скопје**<br>– „Кампања за информациска безбедност“<br>Во периодот јули – октомври 2023 година, е спроведена кампања за информациска безбедност при користење банкарски услуги. Во рамките на кампањата беа опфатени совети за: кибербезбедност, заштита на личните податоци, безбедност на е-пошта, мобилно и електронско банкарство, плаќање со картички.<br>– „Караван за финансиско советување за небанкарските продукти на НЛБ банка“<br>На 8 мај 2023 г. започна едномесечниот караван за финансиско советување за небанкарските продукти, којшто се организира трета година по ред, во соработка со „Сава осигурување“, „Триглав | <br><br>јули-октомври<br><br><br><br><br><br>мај | НЛБ | А. бр. 4.1.1 | деца од предучилишна возраст, ученици од ОУ, младо и возрасно население | физичко присуство, виртуелно, веб-страница, социјални мрежи, содржини за јавноста во медиумите | нема податок |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| осигурување живот", „Кроација осигурување живот", „Генерали инвестментс" и „Сава пензиско друштво".<br>– „Месец на штедењето"<br>На тема „Штедиме и другаруваме" се организираа активности за одбележување на „Месецот на штедењето". На почетокот се одржа традиционалната претстава со маскотите Тиби и Штуки, со забавно-едукативна програма за најмалите, ученици од неколку училишта од основното образование; се организира ликовен конкурс за деца од 5 до 15 г., награди и штеден влог на штедни книшки, изложба на цртежи и прогласување победници. Покрај темата штедење имаше и тема којашто треба да упати силна порака до децата и родителите за важноста од негувањето на другарството, како значаен аспект од развојот на детето. | октомври | | | | | |
| **„ТТК банка" АД Скопје**<br>– 31 октомври „Светски ден на штедењето"<br>Под мотото „Паметно штеди за иднина што вреди", Банката организира едукативни работилници, интерактивни презентации, едукативни игри за значењето на парите, за важноста на грижата и за управувањето со своите пари и како може со заштедените пари да се остварат финансиските цели во иднина.<br>– „Денови на финансиската писменост"<br>Онлајн едукативни материјали за управувањето со личните финансии, користењето платежни картички, практичен водич за идните сопственици на дом, предностите на современите дигитални услуги преку електронското и мобилното банкарство, како и за актуелната понуда на финансиските производи и услуги на Банката. | октомври – ноември | ТТК | А. бр. 4.1.1 | деца од предучилишна возраст, ученици од основното образование, младо население | веб-страница, посета на експозитури, социјални мрежи (објава на Фејсбук/Инстаграм. 3319 профили, 3811 импресии, 126 реакции и 262 клика). | над 600 деца од градинки и основни училишта од 14 града |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **„СИЛК Роад банка“ АД Скопје**<br>„Финансиска едукација“<br>Е-едукација и запознавање на целните групи, односно населението од најмала возраст со банкарската терминологија и процеси, производите и услугите што ги нуди банката, како и сите придобивки од нив. | во текот на годината | СРБ | А. бр. 4.1.1 | деца од предучилишна возраст, ученици од основното и средното образование, младо и возрасно население | виртуелно, веб-страница, социјални мрежи | – 85 деца предучилишна возраст<br>– 105 ученици во основното образование<br>– 55 ученици во средното образование<br>– 70 студенти<br>– 315 директни учесници<br>– 54.028 индиректни учесници |
| **„Халк банка“ АД Скопје**<br>„Со креативност и игра до финансиска едукација“ со цел:<br>– подигање на свеста за финансиската писменост;<br>– едукација и доближување до финансиските производи;<br>– едукација за финансиските поими и термини | октомври | ХБ | А. бр. 4.1.1 | деца од предучилишна возраст, младо население | физичко присуство, виртуелно, веб-страница, социјални мрежи | – 100 директни учесници<br>– 100 индиректни учесници |
| **„Шпаркасе банка“ АД Скопје**<br>– „Денови на кариерата“<br>(претставување на кариерните можности во Банката, подготовка на лична биографија, симулација на интервју)<br>– „Камп на иновациите“<br>(финансиска едукација на идните генерации, доближување на младите до банкарскиот сектор)<br>– „Месец на штедењето“<br>(финансиска едукација на идните генерации, претставување на важноста на финансиската одговорност и штедењето за обезбедување сигурна иднина)<br>– „Хакатон натпревари“<br>(финансиска едукација на идните генерации, доближување на младите до банкарскиот сектор, унапредување на едукативниот процес) | во текот на годината | ШБ | А. бр. 4.1.1 | деца од предучилишна возраст, младо население | виртуелно, веб-страница, социјални мрежи | 4 учесници – сите жени<br><br>80 учесници<br><br>4000 учесници<br><br>50 учесници |
| **„Комерцијална банка“ АД Скопје**<br>– „Финансиска училница“ за 150 ученици по повод „Глобалната недела на парите“<br>– „Светски ден на штедењето“ | октомври – ноември | КБ | А. бр. 4.1.1 | деца од предучилишна возраст, ученици од | виртуелно, веб-страница, | 400 ученици од ОУ и деца од |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Подарок штедна книшка „Верверичка“ со депозит од 5.000 денари за сите новороденчиња на 31 октомври<br>– „Финансиската училница за парите и штедењето“ за над 250 ученици во основни училишта и предучилишна возраст<br>– „Денови на финансиска писменост“<br>Објава на едукативен материјал за безбедни онлајн плаќања на веб-страницата | | | | ОУ, новороденчиња, младо население | социјални мрежи | предучилишна возраст<br>– 47 новороденчиња добија штедна книшка |
| **„Штедилница ФУЛМ“**<br>„Денови на финансиска писменост“<br>Подготовка и објава на неколку кратки видеоматеријали посветени на финансиската едукација | ноември – декември | ШФ | А. бр. 4.1.1 | младо население | веб-страница, социјални мрежи | нема податок |
| **„Штедилница Можности“ ДОО**<br>– Финансиска едукација на деца<br>– Финансиска едукација на младата популација<br>– Интерактивен квиз<br>Едукација на младата популација во делот на најкористените финансиски поими (пари, кредити, камата, трошок, приход), како и едукација во областа на штедење и улогата на штедењето | април, мај и октомври | ШМ | А. бр. 4.1.1 | ученици од ОУ, младо население | веб-страница, физичко присуство, социјални мрежи | нема податок |
| **ЗДРУЖЕНИЈА ОД ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР** | | | | | | |
| **„Кредит протект“**<br>Подобрување на финансиската писменост на населението при користење потрошувачки кредити (ПК), застапување и преземање дејствија за подобрување на регулативата за ПК, подигнување на свеста на граѓаните за нивните права и обврски при користењето ПК, подобрување и заштита на правата на корисниците на ПК и остварување на нивните права преку овозможување правна помош преку:<br>– едукација на населението преку присуство во медиумите,<br>– објава на едукативни текстови и интервјуа,<br>– објава на едукативни текстови и видеоматеријали на социјалните профили,<br>– давање совети и бесплатна правна помош за остварување на правата на корисниците на ПК,<br>– овозможување правна заштита при прекршување на правата на корисниците на ПК, преку обезбедување | во текот на годината | КП | А. бр. 4.1.1/ А. бр. 4.2.6 | младо и возрасно население | веб-страница, физичко присуство, социјални мрежи (Фејсбук, преку 1200 следбеници ) | – преку 200 директни учесници,<br>– преку 20.000 индиректни учесници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| бесплатна правна помош и правен застапник во судска или вонсудска постапка,<br>– организирање советувања, настани, обуки, работилници, предавања и др.,<br>– предлагање мерки и активности на надлежните органи, заради унапредување на регулативата од областа на ПК;<br>– организирање и спроведување обуки и советувања за развој на капацитетите коишто се занимаваат со заштита на правата на корисниците на ПК. | | | | | | |
| **„ЦЕФЕ Македонија“ – Скопје**<br>**–** Игри за микробизнисите – Како да го направите профитабилен вашиот бизнис!<br>– Игра за фармери (менаџирање на микрофинансиите за фармери)<br>**–** Лични финансии<br>– Финансиски менаџмент за жени претприемачи<br>– Обука за обучувачи: Игри за микробизнисите – Како да го направите профитабилен вашиот бизнис! | | ЦЕФЕ | А. бр. 4.1.1/ А. бр. 4.1.6. | младо и возрасно население | виртуелно, веб-страница, социјални мрежи | 18 учесници, од кои 12 жени,<br>8 учесници, од кои 6 жени<br>10 учесници, од кои 7 жени<br>40 учесници, од кои 40 жени<br>20 учесници, од кои 17 жени |

**Ажурирано на 19.3.2024 година**